Декември 2023

# ГОДИШЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА

ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021 – 2026

(предлог)

ИСТОЧЕН РЕГИОН

Врз основа на член 10 став 3, член 14 став 1, член 22 став 1 алинеа 3 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на РСМ“ бр. 24/21 и 174/21) и член 2 став 1 алинеа 3 од Деловникот за работа на Советот за развој на Источен плански регион бр. 02-206/1 од 29.06.2021 година, а во врска со член 30 став 1 алинеа 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на РСМ“ бр. 24/21 и 174/21), Советот за развој на Источен плански регион на ден 22.12.2023 година во општина Виница, го донесе следниот

# ГОДИШЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА

За спроведување на Програмата за развој на
Источен плански регион
2021-2026




Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021-2026 година во 2024 година ги содржи сите неопходни оперативни чекори за имплементација на целите и приоритетите како и финансиската рамка која треба да биде покриена од буџетските средства на Владата на Република Северна Македонија (Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој) наменети за рамномерен регионален развој, средства од Програмите на линиските министерства за регионален развој, средства од претпристапни фондови на Европската Унија како и средства од различни програми и донатори.

СОДРЖИНА

*I НАРАТИВЕН ДЕЛ*

1. Вовед
2. Стратешки цели, приоритети, мерки и индикатори за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион во 2024 година;
3. Надлежна институција за спроведување на мерките за регионален развој;
4. Индикативни извори на финансирање на регионалниот развој;
5. Акционен план за 2024 година за спроведување на Програмата за регионален развој на Источниот плански регион 2021-2026 година

*II ТАБЕЛАРЕН ДЕЛ*

*III ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

# Вовед

Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на РСМ“ бр. 24/21 и 174/21) заедно со регулативата во неколку други сектори ја сочинуваат основата на идниот развој на Република Северна Македонија. Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за периодот 2021-2031 е првиот документ на кој се основа планот за интервенции во поддршката на регионалниот развој во Република Северна Македонија.

Врз основа на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021-2026, овој **Акционен план** ги претставува приоритетите за развој на Источниот плански регион во 2024 година.

Целта на овој план е да овозможи транспарентност во претставувањето на развојниот пристап и политика, да ја информира општата јавност во Источниот плански регион и пошироко за главните прашања во развој на регионот во 2024 година и да овозможи координирање на активностите на различните заинтересирани страни на централно, регионално и локално ниво за регионалниот развој на Источниот плански регион.

**Правната рамка за Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион во 2024 година е** Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на РСМ“ бр. 24/21 и 174/21) кој го дефинира Акциониот план како спроведбен документ, кој служи за операционализација и спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион и овозможува целосен преглед на структурата на сите мерки, односно нивна разработка и преглед на сите активности и проекти за период од една година, во истиот се утврдени и носителите и финансиските средства за реализација на истите. Основата за подготовка на Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021-2026 е утврдена во член 22 од Законот за рамномерен регионален развој, кој предвидува **донесување на Годишен Акционен план** за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион од страна на Советот за развој на планскиот регион. Членот 30 од истиот закон предвидува Центарот за развој на планскиот регион да го изработи **акциониот план** за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион.

**Содржина на Акциониот план** за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион, дефинира:

- Стратешки цели, приоритети и мерки за спроведување на приоритетите на регионалниот развој;
- Индикатори за следење на спроведување на мерките на регионалниот развој;
- Надлежна институција за спроведување на мерките на регионалниот развој;
- Индикативна финансиска табела за висина на трошоците и извори на финансирање на регионалниот развој.

**Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион за 2024 година** е претставен преку табеларен приказ кој ги следи стратешките цели и приоритети на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 и дава преглед на **мерките и активностите** кои ги планира Центарот за развој на Источниот плански регион за остварување на **стратешките цели** предвидени со Програмата, како и соодветните **индикатори за изведба.** Исто така, Акциониот план ја содржи и планираната **временска рамка** за спроведување на активностите во текот на 2024 година, како и **индикативните** потребни ресурси и **финансиски средства** за имплементација на активностите, вклучувајќи ги и **можните извори за финансирање** и **носителите** на активностите. Потребните ресурси и финансиски средства, како и изворите на финансирање и одговорните за реализација на активностите кои се вклучени во Акциониот план се само проценка за потребите на планирањето. Вистински потребните ресурси и финансиските средства ќе се одредат во процесот на изработката на проектните апликации и во процесот на спроведување на тендерските документации за имплементација на проектите, кога ќе се располага со повеќе информации.

При подготовка на **Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион за 2024 година**

## Стратешки цели, приоритети, мерки и индикатори за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 во 2024 година

***Визијата за регионалниот развој на Источниот плански регион*** упатува на крајната цел што треба да се постигне.

***Визијата е:*** Источен плански регион е конкурентна и динамична средина во која се искористуваат потенцијалите, развиваат квалитетни човечки ресурси, се води грижа за одржливиот развој со задоволни и среќни луѓе.

Врз основа на дефинираната Визија, како и стратегиската политика за регионален развој на Источниот плански регион, произлезена од анализата на SWOT факторите - **поддршка на можностите за развој на регионот и надминување на слабите страни** - се дадени стратешките цели за развој на Источниот плански регион со главните приоритети во периодот **2021-2026** година.

Стратешките цели и главни приоритети преку кои ќе се придонесе за спроведување на визијата се прикажани во **Табела бр. 1**.

Реализирањето на овие цели, може да се случи единствено преку партнерство помеѓу сите заинтересирани страни за регионалниот развој, како и со фокусирани активности врз основа на ресурсите во регионот, надворешните инвестиции и привлекувањето на средства од национални и меѓународни програми и фондови.

**Табела 1**

| Стратешки цели | | Приоритети |
|---|---|---|
| 1. | Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот | 1.1. Поттикнување на домашните инвестиции и привлекување на странски инвестиции во сектори со конкурентска предност |
| | | 1.2. Подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал на постојните претпријатија |
| | | 1.3. Поттикнување на претприемништвото и самовработувањето |
| | | 1.4. Подобрување на просторното и урбанистичко планирање и осовременување на инфраструктурата |
| | | 1.5. Постигнување на поголема продуктивност и конкурентност на работната сила преку унапредување на нејзините вештини и компетенции |
| 2. | Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги | 2.1. Зајакнување на капацитетите за образование и социјална заштита |
| | | 2.2. Создавање услови за квалитетно образование |
| | | 2.3. Зголемување на социјалната инклузија на сите ранливи категории |
| | | 2.4. Подобрување на условите во здравствените установи во регионот |
| 3. | Одржливо управување со животната средина и природните ресурси | 3.1. Интегриран систем за управување со отпадот и промоција на циркуларна економија |
| | | 3.2. Управување со заштитени подрачја и заштита на биодиверзитетот |
| | | 3.3. Заштита на воздухот, водата и почвата |
| | | 3.4. Справување со последиците од климатските промени |
| | | 3.5. Промоција на енергетска ефикасност (ЕЕ) и искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ) |
| 4 | Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини | 4.1. Зголемување на производствени капацитети преку воведување на нови технологии и практики за подобрување на конкурентноста на земјоделското производство |
| | | 4.2. Воспоставување на агро-индустриска зона за Источниот регион |
| | | 4.3. Промоција на родова еднаквост и диверзифицирање на економските активности во руралните средини |
| | | 4.4. Подобрување на квалитетот на живот во селата, подрачјата со специфични развојни потреби и подрачја во фаза на сериозна депопулација |
| 5 | Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација | 5.1. Зајакнување на капацитетите за развој на туризмот |
| | | 5.2. Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот |
| | | 5.3. Создавање и промоција на интегрирана регионална туристичка понуда |

## 1. Надлежна институција за спроведување на мерките на регионален развој

**Носителите на политиката** за поттикнување на рамномерен регионален развој како и улогата и одговорностите на различните учесници во процесот на планирањето и спроведувањето на Програмата за развој на Источниот плански регион, се дефинирани согласно Законот за рамномерен регионален развој:

- **Владата на Република Северна Македонија**;
- **Советот за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија**;
- **Министерството за локална самоуправа; и**
- **Советот за развој на Источен плански регион.**

Во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој учествуваат:

- **Бирото за регионален развој;**
- **Центарот за развој на Источен плански регион и**
- **Единиците на локалните самоуправи** во состав на Источен плански регион: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип.

**Советот за развој на Источен плански регион** е тело за усогласување и спроведување на развојната политика на планскиот регион преку креирање на планските документи за развој на регионот, координација на носителите на развојот во регионот, како и промовирање на прекуграничната соработка со региони од други држави.

**Центарот за развој на Источен плански регион** има улога на **оперативно тело** чија основна функција е подготовка и реализација на планските документи за развој на Источен плански регион. Центрите за развој на планските региони за својата работа одговараат пред Советите за развој на планските региони.

**Единиците на локалната самоуправа**: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново - Облешево и Штип заеднички учествуваат во подготовката и имплементацијата на регионалните проекти, но истовремено подготвуваат и спроведуваат проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој, за развој на подрачја со специфични развојни потреби и развој на селата кои се наоѓаат на нивна територија.

Со цел максимално да се користат расположливите финансиски ресурси за регионален развој, сите надлежни институции за спроведување на мерките за регионален развој треба да остварат висока меѓусебна координација и взаемна соработка при креирањето и реализацијата на проектите од значење за регионот.

Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион за 2024 година ја претставува првата рамка за воспоставување и развој на системот за поддршка на регионалниот развој во Источниот плански регион и основа за соработка со линиските министерства, донаторите и другите чинители заинтересирани за вклучување во процесот на реализација на

стратешките цели предвидени со Програмата за развој на Источен плански регион 2021 - 2026 година.

## Индикативни извори на финансирање на регионалниот развој

Согласно Членот 35 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на РСМ“ бр. 24/21 и 174/21), како извори на финансирање на регионалниот развој се јавуваат:

1. Буџетот на Република Северна Македонија;
2. Буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје;
3. Фондовите на Европската Унија;
4. Други меѓународни извори;
5. Донации и спонзорства од физички и правни лица и
6. Други средства утврдени со закон.

Во членот 36 од истиот закон се дефинирани следните инструменти за поттикнување на регионалниот развој: капитални влогови; неповратни грантови; финансирање и ко-финансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи и акциони планови; финансирање на градењето на институционалните капацитети за регионален развој на Република Северна Македонија; како и државна помош во вид на заеми под поволни услови; гаранции за заеми; осигурување на кредити; даночни олеснувања; субвенции, лизинг; и други инструменти согласно закон.

Со Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеност за 2019 година со која планските региони се класифицирани врз основа на Одлуката за поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони, Источниот плански регион се наоѓа на **трето место по развиеност** од планските региони. Предвидено е **Источниот плански регион** да добива **11,3%** од **вкупните расположливи средства** кои, на **годишно ниво**, ќе се издвојат од **Буџетот на Република Северна Македонија**.

Владините програми и потпрограми ги рефлектираат активностите на Владата на Република Северна Македонија кои се преземаат за реализација на стратешките приоритети. Овие приоритети се дефинирани и содржани во повеќе документи на Владата на РСМ. Средствата за финансирање на владините програми се обезбедуваат од буџетски средства, од донации и од заеми од Светска Банка и други меѓународни финансиски институции. Утврдените владини програми се усогласуваат со редовните активности на одделните министерства со давање на приоритет за нивното финансирање. Со фискалната политика утврдена во Буџетот за 2024 година ќе се обезбеди имплементација на Програмите за регионален развој за 2024 година со индикативно планирани средства за 2025 година, континуитет во реализацијата, како и следење на успешноста во исполнувањето на стратешките приоритети.

## Акционен план за 2024 година за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 година

Акциониот план за 2024 година е основа за следење на имплементацијата на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 година и основа за мерење на перформансите на Центарот за развој на Источен плански регион во реализацијата на проектните активности.

Во табела број 2 се дадени потребните финансиски средства за реализација на планираните активности (проекти) во 2024 година, групирани според стратешките цели и приоритети дадени во Програмата за развој, додека во табеларниот дел од планот детално се прикажани сите планирани проектни активности (проекти) по програми, индикаторите, временската рамка, буџетот и носителите на активностите.

**Табела бр. 2**

| | Приоритет 1 | Приоритет 2 | Приоритет 3 | Приоритет 4 | Приоритет 5 | Вкупно МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СЦ 1 | 4.668.036,00 | 120.000,00 | 510.000,00 | 48.552.680,00 | | **53.850.716,00** |
| СЦ 2 | 696.900,00 | 44.099.871,00 | 37.815.720,00 | | | **88.546.491,00** |
| СЦ 3 | 81.000,000,00 | 800.000,00 | 12.125.889,00 | 8.400.000,00 | 28.512.000,00 | **130.837.889,00** |
| СЦ 4 | 60.000,00 | | | 8.521.547,00 | | **8.581.547,00** |
| СЦ 5 | | 75.659.340,00 | 17.660.788,00 | | | **93.320.128,00** |
| | | | | | **Вкупно:** | **375.136.771,00** |

| **С.Ц. 1. Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1.1. Поттикнување на домашните инвестиции и привлекување на странски инвестиции во сектори со конкурентска предност** | | | | | | |
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 1.1.1. | Идентификување на сектори со конкурентска предност и спроведување на процес за паметна специјализација | Подготовка на студии и анализи за идентификување на индустриите со потенцијал за развој на регионот | Изработена студија | 2024-2025 | 300.000,00 | ЦРИПР; Општини во ИПР; Високообразовни институции; Организации за поддршка на претпријатија |
| 1.1.2. | Промоција на регионот, неговите конкурентски предности и инвестициски можности | Изработка на технички документации за унапредување и промоција на конкурентските предности на Источен плански регион | Изработени технички документации | 2024 | 4.248.036,00 | ЦРИПР, општините од ИПР, МЛС-БРР |
| 1.1.2. | Промоција на регионот, неговите конкурентски предности и инвестициски можности | Подготовка на промотивни материјали, аудио/видео материјали и веб страни / профили на социјални медиуми за промоција | Изработено видео | 2024 | 120.000,00 | ЦРИПР, општините од ИПР |
| **Приоритет 1.2: Подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал на постојните претпријатија** | | | | | | |
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 1.2.2. | Зајакнување на капацитетот на претпријатијата за пристап до фондовите за подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал | Подготовка на апликации за повиците на ФИТР, ИНТЕРРЕГ ИПА и др. извори на финансирање (АППРСМ, АФПЗРР, итн.). | Подготвени и аплицирани предлог-проекти | 2024 - 2025 | 60.000,00 | ЦРИПР, општините од ИПР, Стопанска комора, Организации за поддршка на претпријатија, Претпријатија |
| 1.2.3. | Поттикнување на деловна соработка на истражувачките центри, деловните субјекти, организациите за поддршка и други засегнати страни преку формирање на кластери | Организација на настани за вмрежување на истражувачки центри, деловните субјекти, организациите за поддршка и други засегнати страни | Организирани настани Создадени партнерства | 2024 - 2025 | 60.000,00 | ЦРИПР, општините од ИПР, Стопанска комора, Организации за поддршка на претпријатија, Претпријатија |

| Приоритет 1.3. Поттикнување на претприемништвото и самовработувањето | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 1.3.4. | Подобрување на искористеноста на природните и културно историските знаменитости за нови услужни бизниси | Мапирање на природните и културно историските знаменитости и заинтересираните лица каде постои можност/ инфраструктура за нови услужни бизниси | Презентирана анализа на потенцијали и можности | 2024-2026 | 200.000,00 | ЦРИПР, општините од ИПР, Стопанска комора, Организации за поддршка на претпријатија, Претпријатија |
| 1.3.5 | Формирање, зајакнување и вмрежување на организации за поддршка и поттикнување на претприемништвото и самовработувањето | Организирање на регионални форуми на заедницата | Одржани регионални форумски сесии и идентификувани приоритетни концепти | 2024 | 150.000,00 | ЦРИПР, МЛС, SDC |
| 1.3.5 | Формирање, зајакнување и вмрежување на организации за поддршка и поттикнување на претприемништвото и самовработувањето | Идентификација на проектен предлог за аплицирање во повик за проектни апликации од Програма за прекугранична соработка 2021-2027 (конкурентност) | Изработена проектна документација | 2024 | 60.000,00 | ЦРИПР, МЛС |
| 1.3.6. | Стимулирање на социјално претприемништво | Спроведување на јавни консултации за Законот за СП, организирање на настани за промоција и обуки за социјално претприемништво | Одржани настани | 2024 | 100.000,00 | ЦРИПР, МТСП, ЕУ и општините од ИПР |
| **Приоритет 1.4 Подобрување на просторното и урбанистичко планирање и осовременување на инфраструктурата** | | | | | | |
| Р. Б. | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 1.4.1. | Изработка на студии, просторно - урбанистичка и техничка документација | Изработка на техничка документација за изградба и адаптација на домови за стари лица во Источен плански регион | Изработени комплетни основни проекти и ревизија за домови за стари лица | 2024-2025 | 2.000.000,00 | ЦРИПР, општините од ИПР |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.4.1. | Изработка на студии, просторно - урбанистичка и техничка документација | Ревизија, ажурирање и дополнување на постојна физибилити студија за Ски центар Царев Врв со идеен проект | Изработена физибилити студија со идеен проект | 2024 | 6.000.000,00 | ЦРИПР, општините од ИПР, ЦРСИПР и општините од СИПР |
| 1.4.1. | Изработка на студии, просторно - урбанистичка и техничка документација | Изработка на регионален план за унапредување на квалитетот на воздух и компелтна техничка документација за утврдените мерки на интервенција | Изработен регионален план и технички документации | 2024-2025 | 4.800.000,00 | ЦРИПР, општините во состав на ИПР, УГД, БРР, УНДП, СИДА |
| 1.4.2 | Подобрување и осовременување на постојната и изградба на нова сообраќајна инфраструктура | Изградба на локалени патишта за поврзување на села и поврзување на урбани средини со села | Изграден пат во должина од 6,5 км | 2024-2025 | 23.600.000,00 | ЦРИПР и општините во состав на ИПР |
| 1.4.3. | Подобрување и осовременување на постојната и изградба на нова комунална инфраструктура | Воспоставување на инфраструктура и услуги за згрижување на кучиња скитници. | Изработена физибилити студија Изработен Урбанистички проект и комплетна техничка документација | 2024-2025 | 6.000.000,00 | ЦРИПР, општините во состав на ИПР, МЛС, БРР |
| 1.4.7. | Заштита од елементарни непогоди | Набавка на опрема за територијалната противпожарна заштита „Превенција и заштита од шумски пожари во ИПР“ | Набавена опрема | 2024 | 6.152.680,00 | ЦРИПР, општините во состав на ИПР, МЛС, БРР |
| **Вкупно СЦ1:** | | | | ***53.850.716,00*** | | |

| **С.Ц.2. Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 2.1: Зајакнување на капацитетите за образование и социјална заштита** | | | | | | |
| Р. Б. | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 2.1.1. | Креирање на регионални и локални партнерства за социјална заштита; | Изработка на студија за состојбата и потребите на старите лица (социјална заштита) во ИПР преку процес на широки консултации | Изработена студија | 2024 | 246.900,00 | ЦРИПР, МЛС, БРР, СДЦ, МТСП, општините во состав на ИПР |
| 2.1.2. | Подготовка на регионален и општински социјални планови; | Изработка на регионален план за социјална заштита Партиципативен пристап | Изработен регионален план за социјална заштита | 2024 | 150.000,00 | ЦРИПР, МЛС, БРР, СДЦ, општините во состав на ИПР, МТСП, МЦСР, ЦСР. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.3. | Зајакнување на капацитетите на вработените во општините за развој на образованието и социјалната заштита; | Организирање на обуки за унапредување на социјалната заштита во регионот | Реализирани обуки | 2024 | 150.000,00 | ЦРИПР, МЛС, БРР, СДЦ, општините во состав на ИПР, МЦСР, ЦСР. |
| 2.1.5. | Зајакнување на човечки ресурси за образовни и лични асистенти за ранливи групи; | Организирање на обуки | Реализирани обуки | 2024 | 150.000,00 | ЦРИПР, МЛС, БРР, СДЦ, општините во состав на ИПР, МЦСР, ЦСР. |
| **Приоритет 2.2: Создавање услови за квалитетно образование** | | | | | | |
| Р. Б. | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 2.2.1. | Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во предучилишното образование; | Подобрување на условите за престој во ЈОУДГ "Бамби" - Општина Македонска Каменица и ОЈУДГ „7 Септември“-Општина Пехчево. | Реконструиран кров и фасада во ЈОУДГ "Бамби" - Општина Македонска Каменица и реконструиран кров во ОЈУДГ „7 Септември“-Општина Пехчево | 2024-2025 | 15.751.401,00 | ЦРИПР, МЛС, БРР, општините Македонска Каменица и Пехчево |
| 2.2.1 | Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во предучилишното образование | Реализација на проект од домен на детска заштита | Реализација на проект за подобрување на условите во образованието | 2024-2025 | 2.460.000,00 | ЦРИПР, Јапонска Амбасада |
| 2.2.3. | Подобрување на условите и квалитетот на образованието; | Подобрување на просторните услови и условите за престој на учениците во 4 (четири) образовни објекти во ИПР:<br>✓ ОУ„Синиша Стоилов“ - Општина Зрновци;<br>✓ ПООУ „Страшо Пинџур“ с. Радање - Општина Карбинци;<br>✓ ООУ "Раде Кратовче" - Општина Кочани<br>✓ СОУ „Наум Наумовски Борче“ - Општина Пробиштип. | Проширени капацитети и реконструирани 4 (четири) образовни обејкти. | 2024-2025 | 25.822.470,00 | ЦРИПР, МЛС, БРР, општините Кочани, Карбинци, Зрновци и Пробиштип. |

| Приоритет 2.3. Зголемување на социјалната инклузија на сите ранливи категории | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 2.3.1. | Подобрување на сместувањето и грижата за стари лица; | Реконструкција и адаптација на Дом за стари лица “Иван Влашки”4та ламела Општина Берово | Комплетно реконструирана и опремена со мебел и апаратура 4та ламела за подобрување на услугите за социјална заштита во регионот | 2024 | 18.729.717,00 | ЦРИПР, МЛС, БРР, СДЦ, МТСП, Општина Берово |
| 2.3.2. | Подобрување на покриеноста со установи и услуги за социјална заштита | Подобрување на капацитетите на МЦСР и ЦСР преку опремување на Дневни центри за ЛПП со набавка на специјализирано возило за транспорт и сензорни соби | Набавено специјализирано возило и опремена сензорна соба | 2024-2025 | 6.152.680,00 | ЦРИПР, МЛС, БРР, МТСП, Општина Берово |
| 2.3.5 | Подобрување на пристапот за сите во јавните установи во регионот | Енергетски ефикасен, пристапен и достапен објект за сите – општина Виница | Поставена енергетски ефикасна фасада, изградена пристапна рампа и лифт за лица со посебни потреби | 2024 | 12.933.323,00 | ЦРИПР, општина Виница, МЛС - БРР |
| **Приоритет 2.4: Подобрување на условите во здравствените установи во регионот** | | | | | | |
| 2.4.2 | Подобрување на здравствените услуги | Набавка на опрема за Одделение за неонатологија при Клиничка Болница - Штип | Набавена опрема | 2024 | 2.400.000,00 | ЦРИПР, Клиничка Болница Штип, Јапонска Амбасада |
| 2.4.5. | Воспоставување на инфраструктура и услуги за згрижување на кучиња скитници | Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион | Изработена физибилити студија и комплетна техничка документација | 2024-2025 | 6.000.000,00 | ЦРИПР, општините во состав на ИПР, МЛС - БРР |
| **Вкупно СЦ 2:** | | | | ***88.546.491,00*** | | |

| С.Ц.3. Одржливо управување со животната средина и природните ресурси |
|---|
| **Приоритет 3.1. Интегриран систем за управување со отпадот и промоција на циркуларна економија** |

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ МКД | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.1 | Воспоставување на регионално управување со отпадот | Унапредување во заштитата на животната средина преку опремување со возила за собирање на смет и за оддржување на јавна хигиена во регионот | Набавено возило за собирање и транспорт на отпад и набавено возило за оддржување на чистота / хигиена на јавни површини во урбаните подрачја | 2024 | 11.000.000,00 | ЦРИПР, општините во состав на ИПР, МЛС – БРР, МЖСПП |
| 3.1.1. | Спроведување на регионални планови за управување со отпад | Затворање на диви депонии во ИПР | Затворени 20 диви депонии во Источен | 2024 | 50.000.000,00 | МЖСПП, ОФСД, Општини, ЦРИПР, |
| 3.1.1. | Спроведување на регионални планови за управување со отпад | Изградба на инфраструктура и инсталации за управување со отпад во Источен и Североисточен плански регион | Спроведена постапка за јавна набавка, Избран изведувач, надзорен орган, започнати градежни активности | 2024 | 20.000.000,00 | Општини, ЦРИПР, МЖСПП |
| 3.1.6. | Поддршка за пилот проекти за циркуларна и зелена економија. | Поставување на фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија на 24 јавни објекти во ИПР | Поставени 24 фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија | 2024-2025 | 32.957.227,00 | ЦРИПР, општините во состав на ИПР, МЛС - БРР |
| **Приоритет 3.2.: Управување со заштитени подрачја и заштита на биодиверзитетот** | | | | | | |
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 3.2.1. | Воспоставување на мрежа на заштитени подрачја | Поврзување со заштитени подрачја, Натура 2000 и други значајни подрачја од другите региони и ЕУ | Поврзување и реализирање на заеднички активности | 2024 | 200.000,00 | ЦРИПР; Општини во ИПР; НВО, ЈП Национални Шуми; МЖСПП; |
| 3.2.2. | Донесување и спроведување на планови за управување со заштитени подрачја | Реализација на План за управување за заштитено подрачје Осогово | Реализиран проект | 2024 | 200.000,00 | ЦРИПР; Општини во ИПР; НВО, ЈП Национални Шуми; МЖСПП; |
| 3.2.3. | Прогласување на Малешево за заштитено подрачја | Реализација на План за управување за заштитено подрачје Малешево | Реализиран проект | 2024 | 300.000,00 | ЦРИПР; Општини во ИПР; НВО, ЈП Национални Шуми; МЖСПП; |
| 3.2.5. | Подигнување на свеста и обука за вредноста на | Организирање настани за одбележување на | Спроведени настани | 2024 | 100.000,00 | ЦРИПР; Општини во ИПР; |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | заштитени подрачја и биодиверзитетот | значајни датуми | | | | НВО, ЈП Национални Шуми; МЖСПП; |
| **Приоритет 3.3. Заштита на воздухот, водата и почвата** | | | | | | |
| Р. Б. | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 3.3.1. | Воспоставување на регионален систем за мониторинг на воздух | Поставување на мониторинг станици за пратење на квалитетот на воздухот | Поставена станица и дисеминирање на извештаи за квалитет на воздух | 2024-2025 | 1.500.000,00 | Општини во ИПР; НВО; ЦРИПР; МЖСПП; Високообразовни институции; |
| 3.3.2. | Регулација на речни корита | Регулација на река Зрновка | Ррегулирано речно корито и изградени 3 каскади | 2024 | 5.425.889,00 | ЦРИПР, општина Зрновци, МЛС, БРР |
| 3.3.2. | Регулација на речни корита | Регулација на речното корито на река Брегалница, Градечка река, регулација на речното корито на Пехчевска река и на останати реки од регионот (зелена инфраструктура). | Регулирани и уредени речни корита | 2024-2025 | 5.000.000,00 | Општините во состав на ИПР, МЖСПП, ИНЕРРЕГ ИПА, Донатори |
| 3.3.5. | Санирање на жешки еколошки и индустриски точки | План за ремедијација на индустриски жешки точки. | Површина на која е извршена ремедијација; | 2024-2025 | 200.000,00 | Општини во ИПР; НВО; ЦРИПР; МЖСПП; Високообразовни институции; |
| **Приоритет 3.4. Справување со последиците од климатските промени** | | | | | | |
| 3.4.4. | Интегрирано управување со шумите | Идентификација на проектен предлог за аплицирање во Прв повик за проектни апликации од EuroMED програма | Подготвена техничка документација | 2024 | 900.000,00 | ЦРИПР |
| 3.4.1. | Подготовка на регионална стратегија за климатски промени | Изработена регионална стратегија за климатски промени и зелена инфраструктура | Изработена стратегија | 2024-2025 | 600.000,00 | ЦРИПР, Општините во состав на ИПР, ЕУ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.4.2. | Подготовка на регионален и локални планови за ублажување на последиците од климатските промени | Изработка на локални планови за ублазување на последиците од климатски промени преку воведување на мерки за зелена инфраструктура | Изработени локални и планови | 2024-2025 | 900.000,00 | ЦРИПР, Општините во состав на ИПР, ЕУ |
| 3.4.2. | Подготовка на регионален и локални планови за ублажување на последиците од климатските промени | Трансформирање на урбаните делови со зелена инфраструктура INTERREG VI-A IPA 2021-2027 | Нови зелени површини во регионот 1 хектар; Заедничка стратегија за зелена инфраструктура (2025 - 2035) Акционен план (2025 - 2030) за зелена инфраструктура | 2024-2026 | 6.000.000.00 | ЦРИПР, Општина Штип, ЕУ |
| **Приоритет 3.5. Промоција на енергетска ефикасност (ЕЕ) и искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ)** | | | | | | |
| Р. Б. | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 3.5.1 | Подготовка на студии за искористување на потенцијалите на ЕЕ и ОИЕ; | Изработка на студија за „паметни“ градови | Подготвена студија | 2024 | 1.000.000,00 | ЦРИПР, општини од ИПР |
| 3.5.2. | Регионална програма за искористување на ЕЕ и ОИЕ; | Изградба на енергетски ефикасно осветлување<br>ЕЕ во јавно улично осветлување | Поставено ЕЕ осветлување во општините Карбинци, Зрновци, Чешиново-Облешево, Пехчево, Виница и Делчево Заменети 1900 натриумови светилки со ЛЕД осветлувачки тела | 2024-2025 | 22.512.000,00 | ЦРИПР, општини од ИПР, МЛС, БРР, СДЦ |
| 3.5.2. | Регионална програма за искористување на ЕЕ и ОИЕ; | Набавка на возило за одржување на улично осветлување | Набавено возило | 2024-2025 | 5.000.000,00 | ЦРИПР, општина Делчево, МЛС, БРР |
| **Вкупно СЦ 3:** | | | | ***124.837.889,00*** | | |

**С.Ц.4. Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини**

| Приоритет 4.1. Зголемување на производствени капацитети преку воведување на нови технологии и практики за подобрување на конкурентноста на земјоделското производство | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 4.1.5. | Зголемување на капацитетите за искористување на ИПАРД и националната програма за земјоделство и рурален развој; | Организирање на инфо денови за промоција на повиците објавени во рамки на ИПАРД програмата со фокус на мерки каде жените земјоделки имаат предност | Зајакнати капацитети на засегнатите лица | 2024 | 60.000,00 | ЦРИПР; Општини во ИПР; ЛАГови; Земјоделски здруженија; АППЗ |
| **Приоритет 4.4. Подобрување на квалитетот на живот во селата, подрачјата со специфични развојни потреби и подрачја во фаза на сериозна депопулација** | | | | | | |
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 4.4.2. | Ревитализација и проширување на локалните патишта и пристапот до земјоделските површини | Изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион | Реконструирани земјоделски пристапни патишта | 2021-2022 | 8.521.547,00 | ЦРИПР, МЗШВ, Општините во ИПР |
| **Вкупно СЦ 4:** | | | | ***8.581.547,00*** | | |

| С.Ц.5. Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 5.2. Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот** | | | | | | |
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 5.2.1 | Подобрување на квалитетот на постојната туристичка инфраструктура | Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во Источен плански регион – Електрификација и партерно уредување на археолошки локалитет Баргала и пристапни патеки во автентичен стил во Ново Село | Електрификација, оградување и поставени инфо табли на археолошки локалитет Баргала и поплочување на пристапни улици во Ново Село, Општина Штип | 2024 | 12.550.053,00 | ЦРИПР, општина Карбинци, општина Штип, МЛС, БРР |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.2.2. | Изградба на нова туристичка инфраструктура | Збогатување на туристичката понуда на регионот преку изградба на нова инфраструктура<br>Барски еко-систем Езерце<br>Изградба на пешачко-велосипедски патеки<br>Изградба на рекреативен комплекс со уредување на излетнички места | Изградени пешачко-велосипедски патеки, рекреативни излетничи места | 2024 | 22.933.000,00 | ЦРИПР, општините од ИПР, МЛС, БРР |
| 5.2.2. | Изградба на нова туристичка инфраструктура | Подобрување на условите и содржините за спорт и рекреација преку реконструкција и уредување на мултинаменски игралишта во регионот | Уредени центри за спорт и рекреација | 2024-2025 | 11.600.000,00 | ЦРИПР, општините од ИПР, МЛС, БРР |
| 5.2.3. | Изградба на комунална и патна инфраструктура до и околу туристички локалитети | Создавање на услови за развој на културен туризам - Реконструкција на културен дом „Тошо Арсов“ во Виница | Реконструиран дом на култура | 2024 | 19.777.000,00 | ЦРИПР, општина Виница, МЛС-БРР |
| 5.2.3. | Изградба на комунална и патна инфраструктура до и околу туристички локалитети | Подобрување на условите за развој на планинско – рекреативен туризам - Уредување на СРЦ Пониква, Општина Кочани | Пристапна улица во должина од 300 м<br>Опремен планинарски дом на СРЦ Пониква | 2024 | 8.799.287,00 | ЦРИПР, општина Кочани, МЛС-БРР |

| **Приоритет 5.3 Создавање и промоција на интегрирана регионална туристичка понуда** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.3.2. | Создавање на интегрирана регионална туристичка понуда | Интегриран развој на културен и close to nature туризам во Источен плански и Благоевградски регион | Реконструкција на куќа во Ново Село во автентичен стил;реконструкција на планинарски дом Црн Врв; реконструкција на сместувачки објект во бања Кежовица; изградба на музеј на отворено Л’ џи; изградба на | 2024 | 11,660,788,00 | Центар за развој на Источен плански регион, Општина Штип, Општина Гоце Делчев, Општина Сандански, Здружение Савремие, ТА „Момини Двори“, Здружение на претприемачи |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | рекреативен комплекс на езеро Градче; изработка на тематски видеа; мапирање на велосипедско-пешачки патеки; креирање на регионална туристичка понуда понуда; создавање на визелен бренд на ИПР; | | | |
| 5.3.3. | Развивање на нови туристички атракции и искуства | Преку подобро искористување на природното и историското наследство до зголемена туристичка атрактивност на прекуграничната област | SMART дигитален туризам; Зголемени капацитети на вработените во туристичкиот сектор; Рехабилитирана велосипедска патека и изградени засолништа на Осоговската Планина; Уредување простор со површина од 4292 $m^2$ со објекти за одржување на културни и едукативни настани во близина на археолошки локалитет Баргала | 2024 | 6.000.000,00 | Општините Македонска Каменица, Карбинци, Белица и Јакоруда |
| **Вкупно СЦ 5:** | | | | ***93.320.128,00*** | | |

| | |
|---|---|
| **Вкупно (С.Ц. 1 - С.Ц.5)** | ***375.136.771,00*** |

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој Годишен Акционен план за 2024 година за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026, влегува во сила со денот на неговото донесување.

Декември 2023 година

Совет за развој на Источен плански регион
Претседател
Миле Петков